Билјана Дураковска

# МОНОЛОЗИ ОД КАСНИТЕ СААТИ

Август, 2003

Скопје

Ноќта е чудно доба. Различно од денот. Ноќе нешто чудно се случува со нашиот мозок... сака да зборува искрено. Пред светот, немаме една маска... не... за секој човек по една. Тоа е заморно. Само ноќе, пред спиење, кога ќе ги тргнеме сите маски, и ќе ги оставиме покрај креветот, за наутро пак да ги навлечеме... тогаш сме ние.

**Јана**

ЛИКОВИ

ЈАНА, девојката што присуствува секаде

ДАНИЕЛ, важно му е да го сака Јана

КОСТА, маж на Нина

НИНА, има гледано многу филмови

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА

ЈОСИФ, стар пријател на Нина

ЕЛЕНА, сака млади мевца

ПЕРО, 23 год., тука не чини, во Европа е супер

ЕМИЛИ, 40 год. дебелуша од Лондон

**Сцена 1**

МРАК. ДВА ДЕТСКИ ГЛАСА ВО ОФФ.

МОМЧЕ:

Јанино, јанино...

ДЕВОЈЧЕ:

Абе ај доста со тие ваши глупи машки игри...

МОМЧЕ:

А долга магарица?

ДЕВОЈЧЕ:

Никогаш не ќе можам да ве разберам...

МОМЧЕ:

Е не бе, ластик ќе играме...

**Сцена 2**

СЕ ПАЛИ СВЕТЛО НА СЦЕНА. СОБАТА НА ЈАНА. КРЕВЕТ, МИНИ БАР, ШИШЕ АЛКОХОЛ И ДВЕ ЧАШИ. ДАНИЕЛ 24 ГОД. И ЈАНА, 24 ГОД. ЛЕГНАТИ СЕ НА КРЕВЕТ. ТАА Е РЕЗЕРВИРАНА. ТОЈ НЕЖЕН.

ДАНИЕЛ:

Зошто ме одбиваш?

ЈАНА:

Не можам повеќе.

ДАНИЕЛ:

Замижи и осети колку ми требаш...

МОЛК.

ЈАНА:

Има работи што не ги знаеш за мене...

ДАНИЕЛ:

Не ми е важно, го сакам тоа што го знам... убаво ми е со тебе.

ЈАНА:

Не ти е.

ДАНИЕЛ:

Зошто така зборуваш?

МОЛК.

ЈАНА:

Комплицирано е... нема да разбереш...

ДАНИЕЛ:

Пробај да ми објасниш...

МОЛК.

ЈАНА:

Цело ова време не бев јас само со тебе.

МОЛК.

ДАНИЕЛ:

Имаш храброст да ми раскажеш?

ЈАНА:

Не мислам дека тоа нешто ќе смени.

ДАНИЕЛ:

Try me...

ЈАНА:

Пијалок?

ТУРА ЖЕСТОК АЛКОХОЛ ВО ДВЕ ЧАШИ. НЕ НАЗДРАВУВААТ.

ЈАНА:

Ова може да те боли.

ДАНИЕЛ:

Не е толку страшно, нели?

НЕЈЗИНА НАСМЕВКА.

ЈАНА:

Марко?

ДАНИЕЛ:

Марко! (пауза) И?

ЈАНА:

Бев со него... шест месеци...

ДАНИЕЛ:

Добро де, сфатив.

ЈАНА:

Извини.

ДАНИЕЛ:

После...

ЈАНА:

Васил... Во меѓувреме и некои не така важни...

ДАНИЕЛ:

Спиеше со сите...

ЈАНА:

Да.

ДАНИЕЛ:

Цела оваа година се случуваше тоа?

ЈАНА:

Тоа сум јас.

ДАНИЕЛ:

Спиеше и со мене и со сите други, во исто време?

ЈАНА:

На одмор... го сретнав Коста...

ДАНИЕЛ:

Си направила многу рецки...

ЈАНА:

Него го сакав...

ДАНИЕЛ:

За промена, а?

ЈАНА:

Се случува, понекогаш...

ДАНИЕЛ:

Што треба сега јас да направам?

ЈАНА:

Тоа што го чувствуваш...

СТАНУВА. ПОЛЕКА ГО ЗЕМА ПАЛТОТО. СВРТЕН СО ГРБ КОН НЕА, СИ ГИ СОБИРА ЦИГАРИТЕ, МАСТИКИТЕ ТЕЛЕФОНОТ. ЈА ДОПИВА ЧАШАТА, НА ЕКС. ТРГНУВА БЕЗ ДА ЈА ПОГЛЕДНЕ.

ЈАНА:

Одиш?

ДАНИЕЛ:

Мислев дека повеќе вредиш...

ЗАМИНУВА.

JАНА:

Најверојатно мораш така...

ДАНИЕЛ СЕ ВРАЌА.

ДАНИЕЛ:

Зошто?

JАНА:

Не знам... едноставно така...

ДАНИЕЛ:

Уште нешто... Зошто кажа, сега?

JАНА:

... ќе ме памтеше само по лошо...

ДАНИЕЛ:

Со среќа.

МРАК.

**Сцена 3**

СЕ ПАЛИ СВЕТЛО. ТАА ВО НОЌНИЦА, САМА.

ЈАНА:

Морав да му ја кажам вистината... да се соголам или да се извалкам... сеедно... во принцип луѓето имаат потреба да ги премолчат тие работи... за да не заболи... Се извалкав себе си... Ако размислам, можеби во сите тие денови понекогаш и го сакав... а и што е тоа важно. (пауза) Не! Тоа го направив од егоизам... да се искупам бар малку... тешко ми беше веќе да го гледам како светот ми го подава на дланка... а јас го претварам во гомна... тешко е тоа... Толку. Одам понатаму.

МРАК.

**Сцена 4**

СВЕТЛО. ЕФТИНО БИФЕ. МАСА ЗА ДВАЈЦА. ЈАНА СЕДИ, САМА. ПРЕД НЕА ИМА ПИЈАЛОК. ЗА НЕКОЈ МИГ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОСТА, 30 ГОД. СЕ ПРЕГРНУВААТ.

КОСТА:

Ме изненади... не те очекував...

ЈАНА:

И? Среќен си што ме гледаш?

КОСТА:

Секако.

ЈАНА:

Вчера разбрав, случајно, дека си се вратил. Го фатив првиот воз, и тука сум... морав да те видам.

МАЛА ПАУЗА.

КОСТА:

Како патуваше?

ЈАНА:

Убаво.

ДВАЈЦАТА МОЛЧАТ.

ЈАНА:

На Кипар како беше?

КОСТА:

Знаеш... ти кажував, убаво, работно...

ЈАНА:

Дојди да те гушнам, колку ми недостигаше...

КОСТА:

Ако дојдеше таму, немаше да ти недостигам... Не би требало да ме гушкаш...

ЈАНА:

Не ми префрлај... не можев, знаеш...

КОСТА:

Не знам.

ЈАНА:

Требаше да одберам меѓу тебе и фамилијата.

КОСТА:

И таму ќе имаше фамилија, па ќе се вратевме тука и се ќе беше убаво... заработив пари... ама тоа е што е. Ајде малку поведро. Кај тебе како е?

ЈАНА:

Ќе дипломирам за некој месец... и после свој човек...

КОСТА:

Можевме да бидеме заедно... ќе звучам патетично, ама ти купив прстен, карта за Кипар... излегов со брат ми да прославиме... имам и фотофрафија од таа вечер... ама луѓето се разидуваат од некои чудни причини, моменти...

ЈАНА:

Ти пробуваш да ми кажеш нешто друго... Ме сакаш ли сеуште?

КОСТА:

Што е тоа сега важно!? За што сега дојде? Да ми го упропастиш животот?

ЈАНА:

Се ожени?

КОСТА:

Верен сум... и труден...

СЕ НАСМЕВНИВААТ.

ЈАНА:

Не знаев... со среќа нека ти е.

МОЛК.

ЈАНА:

Ја сакаш?

КОСТА:

Што е и тоа сега важно?

ЈАНА:

Да знам дали си среќен...

КОСТА:

Најверојатно, чим сум со неа...

ЈАНА:

Изгледа немам јас тука што да барам...

КОСТА:

Не пропадна светот.

ЈАНА:

Така ти е полесно кога збориш?

КОСТА:

Ќе ти викнам такси.

ЈАНА:

Ќе ти смета ли ако те бакнам?

КОСТА:

Немој.

ЈАНА:

За последен пат... Знаеш дека ќе нема следна шанса...

МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА, НЕЖНО ДА ГО БАКНЕ... ШТОМ ЌЕ ИМ СЕ ДОПРАТ УСНИТЕ, ЅВОНИ НЕГОВИОТ МОБИЛЕН, ТОЈ СЕ СЕПНУВА, СЕ ТРГА... ГО ГЛЕДА.

КОСТА:

Она е... морам да одам.

МРАК.

**Сцена 5**

СВЕТЛО. НОЌ. ЈАНА СЕУШТЕ СЕДИ НА ИСТАТА МАСА. НА МАСАТА ИМА СВЕЌА. ПИЕ ЦРНО ВИНО. НЕ Е ВООПШТО ПИЈАНА.

ЈАНА:

Сега, како што велеше еден мој драг пријател, треба да се запрашам кога јас не сум била фер према животот!? (пауза) А кога сум била? Највероіатно е најдобро без емоции. Како да ни се пратени за да не разболат, да не потиштат, да заболат... да не израдуваат, па да не расплачат... Го знаев тоа, ама се заебав... (пауза) Show mast go on…

СТАНУВА. ЗАСТАНУВА. ГЛЕДА ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОМЕГУ КОСТА И ЈАНА НА ДРУГИОТ КРАЈ НА СЦЕНАТА.

**Сцена 6**

АПАРТМАН. ФОТЕЛЈА И ТАБУРЕТКА. СЕ ПАЛИ СВЕТЛО НА ДРУГ КРАЈ НА СЦЕНАТА. КОСТА И НИНА, НЕГОВА ВЕРЕНИЦА, БРЕМЕНА. КОСТА СЕДИ НА ЕДНА ТАБУРЕТКА, ГЛЕДА НЕКАДЕ НА ПАТОСОТ, ВО ТОЧКА.

НИНА:

Што се случи меѓу вас?

КОСТА:

Ништо.

НИНА:

Не ме лажи!!! Те гледам. Која е таа?

КОСТА:

Пријателка.

НИНА:

Пријателка! Каде беше до сега таа твоја пријателка?

КОСТА:

Не сакам за ова да зборувам.

НИНА:

Не, така не може.

КОСТА:

Напната си, нервозна... од бременоста...

НИНА:

Немој ти мене такви работи. Сакам да знам која е таа, што е и што бара во твојот живот!?

КОСТА:

Сум сретнал многу луѓе пред тебе...

НИНА:

Имате тајна врска, доаѓа повремено, за секс... убаво ви е... не сум ти јас доволна... направи дете по грешка и во гомна си!

КОСТА:

Престани.

НИНА:

Се ебеш со неа? Се ебевте и сега? Гледај ме кога те прашувам!!!

КОСТА:

Не... Зошто ова го правиш?

НИНА:

Не знам, така ми иде.

КОСТА:

Сакам да спијам.

НИНА:

Не Коста, застани и раскажи ја таа приказна...

КОСТА:

Сега сум со тебе, таа приказна не е важна... зошто да ја раскажувам, кога ништо нема да промени... белки нема да ме осудиш што некого сум сакал пред тебе...

МОЛК.

НИНА:

И што тој некој бараше денес во твојот живот?

КОСТА:

Не знаеше дека сум верен.

НИНА:

И сега се каеш?

КОСТА:

Не, така требало да биде... Јас и она, ја утнавме шансата.

НИНА:

Јасно ми е, сум го гледала тој филм.

МРАК.

**Сцена 7**

СЕ ПАЛИ СВЕТЛО. КОСТА САМ. МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА ЈАНА. ТОЈ НЕ ЈА ГЛЕДА. ГО СЛУША.

КОСТА:

Во истиот момент знаев дека некаде заебав, и дека речиси се од сега па натаму ќе биде погрешно. Немав сила на направам ништо по тоа прашање... оставив да ме носи стихијата.

МРАК.

**Сцена 8**

СВЕТЛО. АПАРТМАНОТ НА ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА, 22 ГОД. ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА И КОСТА. СЕДАТ НА ПОДОТ, ТАА В СКУТ КАЈ НЕГО. ОКОЛУ НИВ ДВЕ ЧАШИ, ПЕПЕЛНИК, ЦИГАРИ. ЈАНА СТОИ НА ИСТОТО МЕСТО И ЈА СЛЕДИ СЦЕНАТА.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Мразам да одам по леб и млеко, мразам да станувам рано, мразам кога комшиката тропа по ѕидот, мразам кога мајка ми татко ми се караат, мразам кога деца плачат по улици, мразам кога некој ме загледува...

КОСТА:

А сакаш?

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Сакам... да водам љубов, кока кола, сладолед, милка чоколадо... шкембе чорба со лук... Како се викаш, у ствари?

КОСТА:

Ај погоди.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Како мислиш од море на имиња да го изберам баш твоето?

КОСТА:

Пробај.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

А што е тоа важно!?

КОСТА:

Не е.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Што мразиш?

КОСТА:

Долги телефонски разговори, шопинг... мирис на манџа... верност, гужва у банка, шефот, виски со мраз, ефтин парфем, луѓе што ја кажуваат вистината во очи... мразам ноќ, не можам да спијам, многу сонувам, ја мразам тишината кога ќе си дојдам касно дома...

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Сакаш?

КОСТА:

Тишината кога ќе си дојдам касно дома, ја сакам ќерка ми... сакам жени, виски... многу кафе и цигари... секс за една вечер...

ТАА ГО БАКНУВА. СТРАСНО. ДИВО. МРАК.

**Сцена 9**

СЕ ПАЛИ СВЕТЛОТО.

ЈАНА:

Имав да му кажам нешто за надежта... Велат дека надежта, само еднаш има шанса да се убие... не било така... можда за миг помислуваме дека е крај... но утре е нов ден, нов живот и надежта пак се раѓа... како пиреј, така ли беше? Сакав да му речам да се бори... за тоа што го сака, да знае што сака... да го добие тоа што го сака... да не залута... ама не реков ништо.

МРАК.

**Сцена 10**

ДЕСЕТ МЕСЕЦИ ПОКАСНО. СЕ ПАЛИ СВЕТЛО. КОСТА И ЈАНА ОД ДВА РАЗЛИЧНИ КРАЈ НА СЦЕНАТА СЛЕДАТ ШТО СЕ СЛУЧУВА. АПАРТМАН. НИНА И ЈОСИФ, 34 ГОД. СЕДАТ НА ПОД. НИНА Е ПОТЕЧЕНА ОД ПЛАЧЕЊЕ. ТОЈ И ЈА ДРЖИ РАКАТА.

НИНА:

Фала ти што дојде...

ЈОСИФ:

Драго ми е што сум тука.

НИНА:

Гледај како лузерите губат се...

ЈОСИФ:

Никогаш не е касно за...

НИНА:

Од ова нема враќање... Доаѓа наутро, мисли дека спијам, мириса на други... не ме сака... не знам, веќе дали воопшто некогаш ме сакал, дали воопшто некого сака... Каде згрешив!?

ЈОСИФ:

Не познавам среќен брак, иако однадвор повеќето така изгледаат...

НИНА:

И што јас да правам со тоа...

ЈОСИФ:

Радувај се што ја имаш Ивана... таа е мала и чиста, никогаш нема да те предаде...

НИНА:

Драго ми е што бар ти си среќен...

ЈОСИФ:

Се тоа е така релативно.

НИНА:

Како?

ЈОСИФ:

Дојди да те гушнам.

ЈА ПРЕГРНУВА. ЈА БАКНУВА ВО ВРАТ. ТАА СЕ СЕПНУВА, ПА СЕ ПРЕДАВА. СЕ МИЛУВААТ, СО МНОГУ НЕЖНОСТ.

НИНА:

Што се случува?

ЈОСИФ:

Не знам... ама се случува.

МРАК.

**Сцена 11**

СВЕТЛО. ЈАНА НА ЕДНИОТ КРАЈ НА СЦЕНАТА, КОСТА НА ДРУГИОТ. A PARTE.

КОСТА:

Сам сум... Изгубен...

ЈАНА:

Те чекав, знаев дека ќе ми се обратиш...

КОСТА:

Помогни ми.

ЈАНА:

Не можам јас, мораш сам...

КОСТА:

Не можам.

ЈАНА:

Најди се себе си, те преколнувам...

КОСТА:

Те сонувам... секоја вечер ова истово ми го кажуваш... а јас во сонот ти велам... Те сонувам... секоја вечер ова истово ми го кажуваш... а јас во сонот ти велам... сон ли е и ова?

ЈАНА:

Изгубен си... поделен да делчиња раздадени ваму таму... расфлани низ космосот... сакам да те составам во мисливе... да ти зборувам... да ти кажам дека ми недостигаш... да ми бидеш блиску... да ме слушнеш... Којзнае дали ме слушаш!?

КОСТА:

Прости ми.

МРАК.

**Сцена 12**

СВЕТЛО. КРЕВЕТ. ЕЛЕНА, 32 ГОД. СОПРУГА НА ЈОСИФ И ПЕРО, 23 ГОД. ВОДАТ ЉУБОВ. ВЛЕГУВА ЈОСИФ, ВО РАКАТА ДРЖИ БУКЕТ. ГИ ГЛЕДА, МУ ПАЃА БУКЕТОТ ОД РАКА. ПЕРО БЕГА, ЕЛЕНА СЕ ПОКРИВА. ЈАНА Е ПРИСУТНА ВО СЦЕНАВА, СЕ ДВИЖИ МЕЃУ НИВ, СО ОДНОС КОН ТОА ШТО СЕ СЛУЧУВА.

ЕЛЕНА:

Тоа беше Перо... мојот љубовник...

ЈОСИФ САМО КЛИМА СО ГЛАВАТА.

ЕЛЕНА:

Сврти се... да се облечам.

ЈОСИФ:

Сум те видел... маж сум ти.

ЕЛЕНА:

Не ми е пријатно.

ЈОСИФ:

И мене не би ми било...

СЕ ОБЛЕКУВА.

ЕЛЕНА:

Ќе ти објаснам...

ЈОСИФ:

Нема потреба...

ЕЛЕНА:

Можеш да се свртиш...

ЈОСИФ:

Да те замолам нешто...

ЕЛЕНА:

Кажи...

ЈОСИФ:

Ќе сакаш да ме спакуваш... ти тоа најдобро го правиш... Знаеш кај ми се чорапите, вешот... блузите...

ЕЛЕНА:

Не оди... те молам.

ЈОСИФ:

Не ме задржувај...

ЕЛЕНА:

Те молам... ќе направам се ова да го заборавиш... да бидеме среќни...

ЈОСИФ:

Зошто се тоа?

ЕЛЕНА:

Се сакаме.

ЈОСИФ:

Не сум сигурен.

ЕЛЕНА:

Донесуваш заклучоци под стрес.

ЈОСИФ:

Ова требаше да се случи... Немаме ние зошто да бидеме заедно... прво јас не сакав дете, сега ти не сакаш... гледам и зошто не сакаш... јас по работа, ти на состаноци... четири пати реновираме, од колку да се најдеме на муабет... ретко водиме љубов, ти со друг, јас со други...

ЕЛЕНА:

Ти со други!? Ти со други!?!

НЕКОЈ ЅВОНИ НА ВРАТА. ЕЛЕНА И ЈОСИФ ГО ИГНОРИРААТ ЅВОНЕЊЕТО.

ЈОСИФ:

Мислиш неверството е резервирано само за тебе...

ЕЛЕНА:

Ти со други!? Па како имаше лице да спиеш до мене...

ЈОСИФ:

Те молам спакувај ме...

SВОНИ УПОРНО.

ЕЛЕНА:

Ти со други!!! Мислев дека ме сакаш... Дека ќе го надминеме ова... Говедо! Имаш ли бре ти лице, душа, достоинство... имаш ли обзир... Те мразам!!! Те мразаааааааамМ!!!! И знаеш што? Ова со лошо ќе ти се врати.

ПИСНУВА ДА ПЛАЧЕ. ИЗЛЕГУВА ОД СЦЕНА.

ЕЛЕНА:

Сам да си се спакуваааааааш!!!!

SВОНИ.
ЈОСИФ ОСТАНУВА САМ НА СЦЕНАТА.

ЈОСИФ:

Уште еден среќен крај на една тажна приказна. Хммм... којзнае дали е крај!?

ЈАНА ОДИ ДА ОТВОРИ ОТВАРА. МРАК.

**Сцена 13**

СВЕТЛО. ЗАД РАМКАТА НА ВРАТАТА НА ДВА СТОЛА ЕДЕН СПРОТИ ДРУГ, СЕДАТ ЈОСИФ И КОСТА. ЈАНА ГИ ГЛЕДА НИЗ ОТВОРЕНАТА ВРАТА.

КОСТА:

Јанино, јанино...

ЈАНА:

Абе ај доста со тие ваши глупи машки игри...

ЈОСИФ:

А долга магарица?

ЈАНА:

Никогаш не ќе можам да ве разберам...

КОСТА И ЈОСИФ:

Е не бе, ластик ќе играме...

МРАК.

СВЕТЛО НА ЈАНА.

ЈАНА:

Ноќе, кога мислите ќе ни заскитаат... и кога ќе ја изгубиме сета контрола врз нив... гледаме слики кои рационалниот ум не може да објасни. Блиските може да ги почувствуваме и кога се бескрајно далеку. Само треба да замижиме, и да не ја отфрлиме апсурдноста на тој свет, затоа што е повистинска од целата вистина на овој апсурден свет.

СЕ ВРТИ КОН ТОА ДЕЈСТВИЕТО НА СЛЕДНАТА СЦЕНА.

**Сцена 14**

СВЕТЛО. АПАРТМАН. ЕЛЕНА И ПЕРО, САМО ПО ДОЛЕН ВЕШ. ГЛАСНА МУЗИКА. GRASS И АЛКОХОЛ. ЉУБОВ.

ЕЛЕНА:

Убаво ни е, нели?

ПЕРО:

Мммммм... да...

ЕЛЕНА:

Сега нема од кого да се криеме...

ПЕРО:

Нема да биде така забавно.

ЕЛЕНА:

Можда... а можда и ќе биде.

МУ СЕ ФРЛА. ДВАЈЦАТА ПАЃААТ ОД КРЕВЕТОТ, СЕ ЉУБАТ НАПАДНО.

ПЕРО:

Чекај, ми се моча.

ЕЛЕНА:

Сакаш да ти го држам...

ТОЈ ИЗЛЕГУВА, ТАА ХИСТЕРИЧНО СЕ СМЕЕ. ВИТКА ЏОИНТ. ПЕРО СЕ ВРАЌА. ГО ПАЛИ ЏОИНТОТ.

ЕЛЕНА:

Сакаш?

ПЕРО:

Не... Знаеш на што мислев дур мочав...

ЕЛЕНА:

На што?

ПЕРО:

Мислев на шампањ и јагоди... Темза, да си ги соблечам кондурите, и чорапите и да си ги брчкам нозете дур на глава ми пловат јато облаци...

ЕЛЕНА:

Јато облациииииии!!!!

ХИСТЕРИЧНО СЕ СМЕЕ.

ПЕРО:

Сакаш да дојдеш со мене?

ТАА СЕ УОЗБИЛУВА.

ЕЛЕНА:

Темза... Шампањ и јагоди... како?

ПЕРО:

Не знам... ама ќе најдам начин.

ЕЛЕНА:

Млади мевца се женат со дебели грди англичанки...

ПЕРО:

Јас така НЕ!

ЕЛЕНА:

А да си седиме тука... и да се плескаме до крајот на животот...

ГО ЉУБИ, СЕ СИМНУВА НАДОЛЕ. ТОЈ ЈА ОТУРНУВА.

ПЕРО:

Ме слушаш... сакам да живеам во Лондон!!! Преку кур ми е од ова срање.

ЕЛЕНА:

Што ти е, бе!?

ПЕРО:

Ништо!!! Ќе си одам.

ЕЛЕНА:

Оди си!

МРАК.

СВЕТЛО. ЈАНА.

ЈАНА:

За жал, некогаш работите не излегуваат така како што ги планираме. Секоја среќа има свој пекол и обратно.

**Сцена 15**

СВЕТЛО. АПАРТМАН. АНГЛИЈА. ПЕРО И ЕМИЛИ, 4О ГОД. АНГЛИЧАНКА, ДОБРО НЕГУВАНА, ДЕБЕЛА, МНОГУ. УТРО. ПЕРО СПРЕМА ДОРУЧЕК ПО БОКСЕРИЦИ. ТАА ВО НОЌНИЦА, МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА ОД ПОЗАДИ, ГО БАКНУВА ПО ВРАТОТ И ГО ГМЕЧИ ЗА ГАЗЕТО.

ПЕРО:

Хај хани... Ммммммммммм... среќо моја...

ЕМИЛИ:

Каков ти е распоредот... за денес откако... ќе мммммммммммммм...

ПЕРО:

Појадок!!!

ЕМИЛИ:

Појадок в кревет... (кон боксериците) друг појадок ммммммммм...

ПЕРО:

Малите ќе закаснат во школо... мора да ги однесам.

ЕМИЛИ:

Па зошто го имаме Џорџ, ако ти ги носиш... па уште сме во меден месец...

ГО ПИКА В КРЕВЕТ.

ПЕРО:

Хани, ми недостига стариот крај...

ЕМИЛИ:

Ќе одиме на лето...

ПЕРО:

Таму тебе нема да ти се допаѓа... ни на Џереми и Тери...

ЕМИЛИ:

Сакам да видам кај се родил мојот сопруг, да ги запознаам неговите пријатели, ќе ги поканиме за Божиќ тука... светот е мал кога имаме пари, бејби...

ПЕРО:

Таму нема скапи продавници за тебе... нема да ти се допаѓа...

ЕМИЛИ:

Ти не сакаш да дојдам јас со тебе!!!???

ПЕРО:

Сакам!

ЕМИЛИ:

Ммммммммм... тоа ми се свиѓа...

ПЕРО:

Ммммммммм... и мене...

ЕМИЛИ:

Перо, денес ќе дојде мајка ми... и ќе остане две недели со нас... нема да ни пречи, нели?

ПЕРО:

Не хани, нас никој нема да ни пречи...

НЕКОЈ ЅВОНИ. ПЕРО ПРОБУВА ДА СТАНЕ, ТАА ГО ЗАДРЖУВА.

ЕМИЛИ:

Не отвараме...

ПЕРО:

А ако е мајка ти?

ЕМИЛИ:

Не е, таа ќе се најави претходно...

ПЕРО:

Можда е нешто итно.

СТАНУВА.

ЕМИЛИ:

Ннneeeeeeeeeeeeee... па бејби...

ПЕРО ОТВАРА. ПРЕД ВРАТАТА ИМА ПИСМО. ЈАНА ДОТРЧУВА И МУ ГО ДАВА В РАКА. ПЕРО НЕ ЈА ПЕРЦЕПИРА. ЕМИЛИ ДОТРЧУВА ДА ВИДИ КОЈ Е.

ПЕРО:

Емили, види!!! Писмо од дома.

ЕМИЛИ:

Дома! Тебе Перо дома ти е тука.

ПЕРО:

Гледа, гледај... Од Кире...

ЕМИЛИ:

Ккккkиии... Кој?

ПЕРО:

Кире! Другар ми, ќе се жени, ме вика кум да му бидам... Јес Киро, напред брате... Идам јас таму!!!

ЕМИЛИ:

Перо! Јас кума! Кума! Ооооoох Перо, твоите френдс се прекрасни...

ТОЈ СЕ УКОПУВА КОГА ЌЕ ЈА ЗАСЛУША ШТО ЗБОРИ.

ЕМИЛИ:

Јас одам да се туширам, те чекам да дојдеш.

ПЕРО:

Идам, идам...

ПЕРО КАКО ПОКИСНАТ СЕДНУВА НА КАУЧОТ.

ПЕРО:

Каде згрешив!?

МРАК.

**Сцена 16**

ПОВТОРНО СВЕТЛО. ПЕРО СЕДИ НА КАУЧОТ, МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА ЈАНА.

ЈАНА:

Најголемата казна за двајца луѓе што се заедно е било кој од нив двајца да не го сака доволно тоа што го прави. Не знаев јас, не знаеше Коста, не знаеше Јосиф, не знеше Елена, ти... Можев да се најдам себе си и Коста во сите ваши зборови, во сите ваши лаги, недоумици... Јас ве создадов... го мразам светот на прељубниците, на оние што не знаат што, кого, колку сакаат, што не знаат што бараат со тој што се... (На Перо) Оди си дома Перо, тоа го сакаш.

ПЕРО НЕ ЈА ГЛЕДА, НО НЕКАКО ДО НЕГО ДОПИРААТ НЕЈЗИНИТЕ ЗБОРОВИ.

МРАК.

**Сцена 17**

СВЕТЛО. АПАРТМАН. ЕЛЕНА, ВО РАЗВЛЕЧЕНА ДОМАШНА ГАРДЕРОБА. СЕДИ НЕПРИСТОЈНО. ВО РАКАТА ДРЖИ МАЛО ШИШЕ АЛКОХОЛ. ПИЈАНА Е. НЕКОЈ ЅВОНИ. ДОДЕКА ТРАЕ СЦЕНАВА ЈАНА СЕ ПРЕФРЛА ОД ПЕРО НА ЈОСИФ.

ЕЛЕНА:

Отворено е.

ВЛЕГУВА ЈОСИФ. НОСИ МАЛО КУФЕРЧЕ В РАКА.

ЈОСИФ:

Чув дека си сама...

ЕЛЕНА:

Што сакаш?

ЈОСИФ:

Да си дојдам дома.

ЕЛЕНА:

Хахахахааааааааа... Леси се враќа дома.

ЈОСИФ:

Мислев дека ќе ти биде драго.

ЕЛЕНА:

Драго ми е. Не ми се седи сама.

ЈОСИФ СЕДНУВА ДО НЕА.

ЈОСИФ:

Пиеш?

ЕЛЕНА:

Сакаш?

ЈОСИФ:

Да.

ОТПИВА.

ЕЛЕНА:

Зошто се врати?

ЈОСИФ:

Не знам.

ЕЛЕНА:

Каj беше?

ЈОСИФ:

Важно ти е?

ЕЛЕНА:

Не.

ЈОСИФ:

Батали.

ЕЛЕНА:

Си отиде Перо.

ЈОСИФ:

Ти фали?

ЕЛЕНА:

Не.

ЈОСИФ:

А јас?

ЕЛЕНА:

Сеедно е. Трава... да не имаш?

ЈОСИФ:

Не.

ЕЛЕНА:

А пари?

ЈОСИФ:

Имам.

ЕЛЕНА:

Добро е, бар еден има.

ЈОСИФ:

Ќе се снајдеме некако...

ЕЛЕНА:

Мене ми се спие.

СТАНУВА. ЗАМИНУВА.

ЈОСИФ:

Валјда ќе биде добро...

ЈАНА:

Нема да биде добро. Ама... тоа е.

**Сцена 18**

БИФЕ. ШАНК. ЈАНА И ДАНИЕЛ, НЕЈЗИН ДЕЧКО, 30 ГОД. ДАНИЕЛ ШАНКЕР, ЈАНА КОНОБАР. НА ЗАТВАРАЊЕ СЕ. ВЛЕГУВА ПЕРО, СО МАЛ КУФЕР В РАКА. СЕДНУВА НА ШАНКОТ.

ДАНИЕЛ:

Дечки, ќе затвараме... Ако си за кратко, ок.

ПЕРО:

Дај само една ж´та да џапнам... да се сетам кај сум.

ДАНИЕЛ:

Од пат се враќаш.

ПЕРО:

Од пеколот се враќам.

ДАНИЕЛ:

Епа добре дојде.

ПЕРО ЈА ПОГЛЕДНУВА ЈАНА, КОЈА Е КРАЈНО НЕЗАИНТЕРЕСИРАНА ЗА МУАБЕТОТ И ЗАПИШУВА НЕШТО. ЈА ЗАГЛЕДУВА ДОБРО.

ПЕРО:

(На Коле) Девојкава тука работи?

ДАНИЕЛ:

Да, наше е местово, вереница ми е.

ПЕРО:

Со среќа нека ви е.

ВО ТОЈ МОМЕНТ ЈАНА СЕ ВРТИ ДА СЕ ЗАБЛАГОДАРИ.

ДАНИЕЛ:

Фала.

ЈАНА:

Фала.

ПЕРО:

(на Јана) Јас тебе те знам од некаде.

ЈАНА:

Не знам, можда.

ПЕРО:

Знам, ми донесе писмо...

ДАНИЕЛ:

Писмо!?

ПЕРО:

Во Лондон! И ти беше во Лондон нели? Се врати? Лошо е таму, не е за нас.

ЈАНА:

Никогаш не сум била во Лондон.

МОЛК.

ПЕРО:

Не? Не е можно.

ПЕРО НАЗДРАВУВА И ЈА ПИЕ ЧАШКАТА НА ЕКС.

ПЕРО:

Сум те видел, ќе ми текне каде. Ај поздрав.

ЗАМИНУВА.

ЈАНА:

Писмо во Лондон.

ДАНИЕЛ:

Пушти секакви будали шетаат.

ЈАНА:

Па ти на сите се кажуваш... вереница. Ќути си.

СЕ СМЕЕ.

ДАНИЕЛ:

Да не чујат душманите!?

СЕ БАКНУВААТ.

ДАНИЕЛ:

Сигурна си дека не згрешииии?

ЈАНА:

Сигурна.

НА ВРАТАТА ВЛЕГУВА КОСТА.

ДАНИЕЛ:

Дечки, не работиме више...

ЈАНА Е ВЏАШЕНА ОД ГЛЕТКАТА.

ЈАНА:

Остави...

ДАНИЕЛ:

Го знаеш?

ЈАНА КЛИМА СО ГЛАВАТА.

КОСТА:

Добро вечер.

ЈАНА:

Добро вечер.

КОСТА:

Како си?

ЈАНА:

Фала добро. Што навака?

КОСТА:

Сакав да те видам. Имаш време, да поразговараме... Мислам, ќе те пушти шефот?

КОСТА СЕ ШАЛИ, КОЛЕ И ЈАНА СЕ КАКО КИПОВИ.

ДАНИЕЛ:

Кој е овој?

ЈАНА:

Ќе ти објаснам.

КОСТА:

А кој е он?

ЈАНА:

Коле. Мојот вереник.

КОСТА СЕ СМЕЕ ОД МАКА.

КОСТА:

Закаснив, а?

ЈАНА:

Ја напушти?

КОСТА:

Да.

ЈАНА:

Се надевам не заради мене...

КОСТА:

Не, заради себе... сфатив што сакам... што ми е важно... мислев нема да те загубам... мислев дека нешто таму горе, те чува за мене.

ЈАНА:

Не е така, и јас тоа сега брзо го разбрав.

ДАНИЕЛ:

Јана!

ЈАНА:

Не се секирај Коле, оваа приказна е завршена...

КОСТА:

Да одам...

ЈАНА:

Драго ми е што си сфатил што сакаш во животот...

КОСТА:

И што сега со тоа.

ЈАНА:

Верувај.

КОСТА:

Никогаш нема да ве разберам вас жените...

ДАНИЕЛ:

Ни јас.

МРАК.

**Сцена 19**

СВЕТЛО. ЈАНА САМА СЕДИ НА ШАНКОТ.

ЈАНА:

Различни се тие што ќе ги сакаме, и тие со кои ќе одбереме да живееме. Се решив за Даниел. Најверојатно така мора да биде. Цело ова време, цел живот се борев да не направам компромис. Да го го правам само она што сто процентно го сакам. Ама не можело така. Треба некој да биде со тебе кога ќе имаш температура, кога ќе те боли стомачето... да си го бришеш носето од нечија кошула кога плачеш пошто светот ти пропаднал. Тоа не можеше да биде Коста, за жал.

**Сцена 20**

МРАК. ДВА ДЕТСКИ ГЛАСА ВО ОФФ.

МОМЧЕ:

Јанино, јанино...

ДЕВОЈЧЕ:

Абе ај доста со тие ваши глупи машки игри...

МОМЧЕ:

А долга магарица?

ДЕВОЈЧЕ:

Никогаш не ќе можам да ве разберам...

МОМЧЕ:

Е не бе, ластик ќе играме...

СВЕТЛО. ЈАНА.

ЈАНА:

Мајка ми и татко ми немаа среќен брак. Мислев дека мажите, како татко ми, се "курвари, коцкари и пијаничишта", а жените жртви. Не било така, сфаќам сега кога пораснав. Врстата ни е фелерична. Има некое зло како грев што не следи. Ние среќа нема да најдеме.

МРАК.

**Сцена 21**

СВЕТЛО. СПАЛНА СОБА. ЈАНА И КОЛЕ СЕ ПРЕД ЗАСПИВАЊЕ, ВО КРЕВЕТ.

ЈАНА:

Сигурен си дека заклучи.

ДАНИЕЛ:

Аха...

ЈАНА:

Не ме ни слушаш што ти зборам.

ДАНИЕЛ СЕ ПОТКРЕВА ЈА БАКНУВА.

ДАНИЕЛ:

Слушам... провери ако ти е мисла.

ЈАНА СТАНУВА. ПРОВЕРУВА. ЗАКЛУЧЕНО Е. СЕ ВРАЌА. КОЛЕ Е ЗАСПАН. ГО БАКНУВА. ЛЕГНУВА ДО НЕГО. НА ЕДЕН ДЕЛ НА СЦЕНАТА ЗАСТАНУВА КОСТА. ЈАНА СТАНУВА И ЗАСТАНУВА ДО НЕГО.

КОСТА:

Прости.

ЈАНА:

Зошто не ми даваш мир?

КОСТА:

Знам што сакам. Ти го бараше тоа од мене.

ЈАНА:

Јас заминав.

КОСТА:

Заминав и јас, преескa. Сега ти ме викаш. Како ми велеше? Надежта не умира еднаш, утре е нов, ден нов живот и надежта се враќа..

ЈАНА:

Како знаеш дека тоа сум ти го викала? Не делеа 400 км..

КОСТА:

Ова нема врска со километрите..

ТАА ЗНАЕ ШТО ТОЈ ЗБОРУВА.

КОСТА:

Го сакаш?

ЈАНА:

Што е тоа важно?

КОСТА:

Оваа приказна не ти е завршена, нели? Како слатко излажа преескa..

ЈАНА:

Морав, така ми е полесно..

СЕ СМЕШКААТ.

КОСТА:

Бар признаваш.

ЈАНА:

Стално сум за нијанса почесна од тебе.

КОСТА И СЕ ПРИБЛИЖУВА ДА ЈА БАКНЕ. СЕ БАКНУВААТ, ПОТОНАТИ ЕДЕН ВО ДРУГ.

ЈАНА (офф):

Што ќе правев без тебе?

КОСТА (офф):

Ќе ме чекаше да се појавам.

МРАК.